**20130851969**

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Врз основа на член 22а став (2) од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012 и 13/2013), и член 36 став (2) од Законот за доброволно капитално финанирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 7/2008, 124/2010, 17/2011 и 13/2013), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на седницата, одржана на 30.5.2013 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИДОТ И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНОТО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА

Член 1

Во Правилникот за видот и начинот на спроведување на обуките од областа на капитално финансираното пензиско осигурување за претставниците на пензиските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 138/2008) во член 2 став (2) точките д) и ѓ) по зборот: „членовите“ се додаваат зборовите: „и на пензионираните членови“.

Точката е) се менува и гласи:

„развивањето на свеста на јавноста за целите и принципите на пензиските друштва и на задолжителните и доброволните пензиски фондови, за придобивките од членување во задолжителен и/или доброволен пензиски фонд, за учество во професионална пензиска шема, за правата на членовите и на пензионираните членови на задолжителните и доброволните пензиски фондови и за други прашања во врска со капитално финансираното пензиско осигурување;“.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.01-757/8
7 јуни 2013 година
Скопје

Претседател
на Советот на експерти,
д-р **Булент Дервиши**, с.р.